Република Македонија
Државна изборна комисија

# ЗАПИСНИК
## ОД 12–ТА СЕДНИЦА НА ДРЖАВНАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

## ОДРЖАНА НА 07 ФЕВРУАРИ 2016 ГОДИНА

Изготвил
Ирена Ќуштерова

ЗАПИСНИК
од дванаесетта седница на Државната изборна комисија

Дванаесетта седница на Државната изборна комисија се одржа на 07 февруари 2016 година во салата за седници во седиштето на Државната изборна комисија во Скопје со почеток во 10:00 часот.

На седницата присуствуваа:

**Александар Чичаковски** – Претседател на Државната изборна комисија
**Реџеп Прекопуца** – Потпретседателот на Државната изборна комисија.
**Атанас Урумов**- Член на Државната изборна комисија
**Силвана Бонева** – Член на Државната изборна комисија
**Сашо Срцев** – Член на Државата изборна комисија
**Субхи Јакупи**- Член на Државата изборна комисија
**Виолета Дума** – Член на Државната изборна комисија
**Игор Милев**- Член на Државната изборна комисија, и
**Бедредин Ибраими**- Член на Државната изборна комисија, и
**Добре Јанчев**- Генерален секретар на Државната изборна комисија.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Државната изборна комисија Александар Чичаковски.

За оваа седница беше предложен следниот

**ДНЕВЕН РЕД**

1. **Разгледување и одлучување по Барање, бр. 13-7444/1 од 06.02.2016 година, за донесување одлука согласно член 48 став 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за Влада на Република Македонија, доставено од дополнителниот заменик министер за внатрешни работи Митко Чавков, и**

2. Разно.

Се отвори дискусија по вака предложениот Дневен ред.
Со оглед на тоа дека никој не се јави за збор. Дневниот ред беше ставен на гласање.

Комисијата едногласно го усвои дневниот ред

Точка 1

Во врска со одлучувањето по Барање, бр. 13-7444/1 од 06.02.2016 година, за донесување одлука согласно член 48 став 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за Влада на Република Македонија, доставено од дополнителниот заменик министер за внатрешни работи Митко Чавков ,на покана на ДИК присутни беа Министерот за внатрешни работи Оливер Спасов и дополнителниот заменик министер за внатрешни работи Митко Чавков, кои дадоа свои излагања околу поднесеното барање.

Комисијата понатаму продолжи со материјална расправа по првата точка на дневниот ред.

Членот на ДИК, Бедредин Ибраими истакна дека ДИК е исправена пред едно многу важно прашање и затоа треба да се донесе мериторна и законита одлука. Во однос на одлуките на министерот за внатрешни работи кои се однесуваат на вработување и времено распоредување на лица на раководни позиции, најпрво во однос на вработувањето тој се повика на добиеното мислење од Државната комисија за спречување на корупцијата, според кое на прашањето дали постои законска пречка во текот на траењето на овој период да се реализираат постапки за преземања и вработувања на државни и јавни службеници согласно закон во органите, одговорот е многу јасен дека не постои законска пречка да се реализираат започнатите постапки. Во врска со второто прашање дали постои законска пречка за нови вработување во државната и јавната администрација во текот на овој период, одговорот е за време на мандатот на составот на преодна влада за спроведување на предвремените избори за пратеници, не постои законска пречка да има нови вработувања во државната и јавната администрација. Притоа истакна дека според него министерот немал законска пречка за именувањето на портпаролот, односно за донесување на ваквите одлуки. Во однос на распоредувањата на лица на раководни позиции, посебно внимание треба да се обрне на член 44 од Законот за Влада на Република Македонија и тоа почнувајќи од став 1 се до став 7. Беше цитиран член 44 став 4 "министерот за внатрешни работи може да изврши разрешување или распоредување на исто, пониско или повисоко место на носител на раководна позиција во министерството согласно Закон". Поаѓајќи од овој став на членот 44 на Законот министерот постапил согласно законот и никој не може да му се меша во именувањето и разрешувањето. Дилемата се јавува во став 5 од истиот член, бидејќи со денот на именување на лице на раководна позиција од ставот 4, министерот е должен да именува дополнителен заменик на предлог на дополнителниот заменик министер. Се поставува прашање дали треба да се именува дополнителен заменик на раководна позиција од распишување на избори или од денот на именување на лицето на раководна позиција автоматски на предлог на дополнителниот заменик министер, министерот да ги именува. Тој истакна дека законот не случајно е вака донесен и смета дека министерот треба да се договори со заменикот да назначи заменици на местата каде што назначил нови лица на раководни места во МВР. Притоа уште еднаш укажаа дека нема да гласа за одлука која ќе ја стави вон сила одлуката на министерот за внатрешни работи, туку тој ќе гласа за предлог одлука со која ќе му се укаже на министерот за внатрешни работи заедно со дополнителниот заменик министер во најкраток можен рок да назначат дополнителни заменици на лицата кои се распоредени на раководни позиции, согласно решенијата кои ги донел министерот за внатрешни работи. Тој смета дека ова е единствената правилна одлука. Ова треба да е пораката на ДИК до министерот за внатрешни работи.

Членот на ДИК, Атанас Урумов се согласи дека членот 44 став 4, 5, 6 и 7, конкретно упатуваат на тоа дека министерот и дополнителниот заменик министер треба да соработуваат и по именувањето и разрешувањето на лица на раководни позиции на предлог на дополнителниот министер треба да назначи дополнителни заменици на лицата распоредени на раководни позиции. Тој нагласи дека во оваа ситуација треба да се обрне внимание член 46 став 3 од Законот за Влада на РМ, кој упатува на соработка на министерот со дополнителниот заменик министер, која во овој случај е исклучена. Тој укажа на тоа дека треба да се види дали ваквите донесени одлуки од страна на министерот се поврзани со изборите, односно доколку не се поврзани тие треба да бидат предмет на решавање на Управниот суд, но доколку ваквите донесени одлуки на министерот за распредување на лица на раководни позиции се поврзани со изборите, ДИК ќе треба да донесе соодветна одлука согласно закон.

Членот на ДИК, Бедредин Ибраими дополни дека според него ваквите разрешувања од страна на министерот не се однесуваат на изборите, слично како што ни јавните записи за јавниот долг од министерството за финансии не се однесуваа на изборите. Тој постави прашање што ако министерот за внатрешни работи не преземе соодветни мерки и подготовки за назначување на лица на раководни позиции во МВР се со цел да се обезбедат мирни, фер и демократски избори. Затоа смета дека ова

прашање директно не е поврзано со изборите, а индиректно е поврзано за да може Министерството за внатрешни работи да одговори на ниво на задачата за време на изборите.

Членот на ДИК, Атанас Урумов истакна дека треба да се реши дилемата околу член 46 став 3 "Дополнителниот заменик министер, заедно и рамноправно со министерот ги разгледува и ги потпишува сите акти и документи кои ги донесува министерот или лица овластени од него, заменик на министерот како и државниот секретар во соодветното министерство, а се однесуваат на правни, финансиски и кадровски прашања поврзани со организација на изборите" и тоа дали одлуките за назначените лица на раководни позиции конкретно на информатичарот кој е всушност портпарол и алфите се поврзани со организација на изборите. Ако тие се поврзани со изборите, тогаш треба да се примени член 46.

Членот на ДИК, Силвана Бонева укажа на тоа дека ДИК е исправена пред сериозна одлука и тест за нејзиното сериозно работење. Таа започна со тоа зошто се направени измени на Законот за Влада на РМ и зошто и е дадена таква надлежност на ДИК за решавање на вакви спорови. Измената на Законот за Влада на РМ е направена како резултат на меѓупартиски договори и Собранието на РМ го изгласа Законот за изменување и дополнување на Законот за Влада на РМ со додавање на нова глава која гласи "Избори за Влада за спроведување на избори за пратеници". Основното нешто што овде треба да го цениме е тоа дека министерот за внатрешни работи е член на преодна влада за спроведување на избори за пратеници формирана сто дена пред избори. Исто така, нагласи дека јасно е кажано во членот 44 став 1 "заради организација на предвремени избори за пратеници во 2016 година, Собранието на РМ на предлог на претседателот на Владата на РМ избира министер за внатрешни работи и министер за труд и социјална политика на предлог на опозицијата". Оттука многу е важен член 44 и член 46 понатака за донесување на одлука од страна на ДИК. Така, согласно член 44 став 4 од Законот за Влада на РМ "Министерот за внатрешни работи може да изврши разрешувања или распоредувања на истото, пониско или повисоко место на носител на раководна позиција во министерството во согласност со Закон" и тоа воопшто не е спорно, задача на ДИК е да разгледа зошто акцентот во овој закон е ставен токму на министерството за внатрешни работи и затоа е предвидено секој чекор кој ќе го направи министерот, секое распоредување кое ќе се врши внатре во министерството треба да добие согласност од дополнителниот заменик министер, за разлика од тоа што ова не е предвидено за министерот за труд и социјална политика. Но, во ставот 5 од членот 44 има многу јасно ограничување и вели: "со денот на именување на лице на раководна позиција од став 4, министерот е должен да именува дополнителен заменик на предлог на дополнителен заменик министер". Секое дејствие на министерот за распоредување на лица на раководни позиции е врзано во ист ден со согласност на дополнителниот заменик министер. Не му се одзема правото на министерот да именува лица на раководна позиција, туку треба да има согласност од дополнителниот заменик министер и истиот ден да именува дополнителен заменик на предлог на дополнителниот заменик министер. Во конкретната ситуација ниту е известен дополнителниот заменик министер, ниту е именуван дополнителен заменик на предлог на дополнителниот заменик министер за да може актот кој ќе го донесе министерот да произведува правно дејство, бидејќи во член 44 став 7 вели: "сите акти од надлежност на раководниот службеник треба да бидат потпишани и од раководниот службеник и од дополнителниот заменик на раководниот службеник. Доколку актот е потпишан само од едното лице се смета дека истиот не произведува правно дејство". Најважно нешто е тоа на што укажува членот 46 став 2 кој вели: "дополнителниот заменик министер заедно и рамноправно учествува во остварување на надлежностите предвидени во Законот за организација и работа на органите на државната управа". Именувањето на министерот за внатрешни работи е исклучиво за една цел, а тоа е спреоведување на изборите за пратеници. Со конкретното дејство министерот за внатрешни работи го исклучил дополнителниот заменик министер, и ниту заедно ниту рамноправно со него не учествувал во остварувањето на надлежностите предвидени во Законот за организација и работа на органите на државната управа, ниту постапил согласно член 46 став 3 според кој дополнителниот заменик министер, заедно и рамноправно со министерот ги разгледува и ги потпишува сите акти и документи кои ги донесува министерот или лицата овластени од него, заменикот на министерот како и

државниот секретар во соодветното министерство, а се однесува на правните, финансиските и кадровските прашања поврзани со организација на изборите. Како што беше напомнето од колегите спорно прашање овде е дали кадровските решенија донесени од министерот се поврзани со изборите. Во министерството за внатрешни работи многу јасно е кажано дека секое прераспоредување на раководни кадри ги упатува министерот и дополнителниот заменик министер да ги носат заедно и затоа е даден членот 44 став 5 каде се упатуваат еден на друг: "со денот на именување на лице на раководна позиција од став 4, министерот е должен да именува дополнителен заменик на предлог на дополнителен заменик на предлог на дополнителниот заменик министер". Уште повеќе овој член 44 став 5 е зацврстен со член 46 каде јасно се кажува дека дополнителниот заменик министер, заедно и рамноправно со министерот ги разгледува и ги потпишува сите акти. Понатаму во членот 46 став 4 наведено е дека секој акт во смисла на овој закон се доставува до министерот и дополнителниот земник министер. Актот кој го има донесено министерот, го нема доставено до заменикот, а тоа е прв чекор спротивен на законот, а потоа вели "министерот и дополнителниот земник министер се должни веднаш, а најдоцна во рок од еден ден да го одобрат или одбијат актот во смисла на овој закон". Такво постапување од страна министерот нема, односно тој го нема доставено актот кој го донел до дополнителниот заменик министер, па потоа дополнителниот заменик министер да се изјасни дали го одобрува или не го одобрува тој акт. Согласно член 47, ако актот од член 46 ставови 3 и 4 од овој закон е одобрен т.е. потпишан само од едното лице се смета дека истиот не произведува правно дејство. Бидејќи актот е потпишан само од едно лице од министерот тоа значи дека истиот нема правно дејство. Државната изборна комисија сега треба да оцени дали чекорите кои се направени од страна на министерот за внатрешни работи се поврзани со организација на изборите. Самиот факт што владата е формирана како преодна влада за спроведување на избори за пратеници и фактот што министрите се избрани како дел од таа влада за вршење на дејствија за спроведување на избори, укажува дека ваквите дејства се поврзани со изборите. Следното прашање кое беше поставено е дека распоредувањето на кадрите немало врска со изборите, а сепак смените во полицијата ќе придонесат политички таа да биде непристрасна за изборите. Секое кадровско поместување е поврзано со организација на изборите. Самото постапување дека некој е поставен како началник да воспостави ред за изборите, е поврзано со самите избори. Таа истакна дека треба сите да се согласат дека како што може еден началник на алфите да направи да има ред на изборите, така може да направи да има и неред и тензии во одредени средини. Затоа и постои министерот за внатрешни работи. Суштината на градењето на доверба на овие избори е взаемност на работењето на министерот и дополнителниот заменик министер. Тие треба да бидат гаранти за спроведувањето на фер и демократски избори. Ако постапува само еден од нив ќе има сомнеж кај мнозинството политички партии и кај граѓаните дека овој министер од опозицијата прави активности кои ќе одат на штета на гласачите и граѓаните кои го подржуваат парламентарното мнозинство. За да не биде така тие се упатени да работат заемно. Затоа е поставен министер од страна на опозицијата за да може со секое негово дејствување да биде гарант за спроведување на фер и демократски избори. Поради недовербата која беше наметната од опозицијата во општеството се прифати да министерот за внатрешни работи биде од опозицијата, кој што заедно со дополнителниот заменик министер ќе бидат гаранти на мирот и слободата и демократските избори во РМ. Во законот експлицитно е кажано дека тие се упатени да работат еден со друг, нивните одлуки да бидат потпишани и од едниот и другиот заради генералната перцепција и довербата која треба да се создаде и одговорноста која ја имаат за изборниот процес. Од колегата Ибраими беше кажано дека смените во полицијата ќе придонесат таа да биде непристрасна за време на изборите, полицијата и со активности кои што воопшто не се поврзани со избирачките места и со самиот ден на избори може да придонесе да се промени перцепцијата на добро или лошо кон страна на одредена политичка партија. Оттука произлегува и тоа дека доколку се промени некоја раководна позиција во министерството за внатрешни работи веднаш треба да се назначи и дополнителен заменик на предлог на дополнителниот заменик министер, за да може да има баланс во одлучувањето на тоа какви акции ќе бидат превземени. Значи власта и опозицијата во министерството за внатрешни работи ја делат одговорноста, за градење на атмосфера за фер и демократски избори. Оттаму за нејзе е сосема јасно дека министерот постапил спротивно на член 44 став 5 и 6, како и на член 46 став 2, 3 и 4 и затоа таа смета дека актот донесен од министерот

и потпишан само од министерот, а не и од дополнителниот заменик министер не произведува правно дејство. Државната изборна комисија треба да донесе одлука бидејќи сите активности кои ги има преземено министерот за внатрешни работи се поврзани со изборите.

Членот на ДИК, Игор Милев истакна дека треба да се направи дистинкција дали овие кадровски решенија се однесуваат на организација на изборите или не. Дистинкцијата ја прави и Државната комисија за спречување на корупцијата која истакнала дека за време на мандатот на преодна влада не постои законска пречка да има нови вработувања во државната и јавната администрација. Законска пречка постои, но по денот на распишувањето на изборите. Многу е важно да се направи дистинкција. Претходниот состав на ДИК донел одлука по барање на дополнителниот заменик министер за финансии за ветото ставено на јавното задолжување од страна на министерот за финансии дека тоа не се однесува на правните, финансиските и кадровските прашања поврзани со организација на изборите. Клучното прашање е дали конкретново прашање се однесува на изборите, а тоа е точно утврдено во член 44 став 4 според кој министерот за внатрешни работи може да изврши разрешување или распоредување на исто, пониско или повисоко место на носител на раководна позиција во министерството согласно Закон. Ова значи дека министерот има право да донесува такви решенија. Понатака, додаде дека според член 46 став 3, дали кадровските прашање се однесувале на организација на изборите, самиот министер истакнал дека носењето на ваквите решенија се редовно работење на Министерството за внатрешни работи. Станува збор за редовно работење на министерството. Не може да се каже дека овие кадровски поместувања се поврзани со организација на изборите, исто како што претходно ДИК донел одлука дека актот кој се однесувал за ветото за финансиските прашања во Министерството за финансии не е поврзан со организација на изборите. Тој наведе дека пречки за вработување може да има само по донесување на одлука за распишување на изборите.

Претседателот на ДИК, Александар Чичаковски истакна дека според него најпрво треба да се утврди дали Државната изборна комисија е надлежна да одлучува по ова прашање. Тој смета дека од страна на министерот и дополнителниот заменик министер товарот на одлучување е префрлен на ДИК. Согласно член 48 во случај на несогласувања меѓу министерот и дополнителниот заменик министер во министерствата од членот 2 од овој закон во врска со тоа дали одредено правно, финансиско и кадровско прашање се однесува на организација на изборите, Државната изборна комисија е должна, во рок од 24 часа да донесе одлука и истата да ја проследи до односното министерство. Во член 47 наведено е дека ако актот од член 46 став 3 и 4 од овој закон е одобрен т.е. потпишан само од едното лице се смета дека истиот не произведува правно дејство. Ова значи дека ДИК може да одлучува само по акти кои одат на одобрување од страна на дополнителниот заменик министер. Овде се поставува прашање дали овој акт требал да оди на одобрување кај дополнителниот заменик министер. Согласно член 44 став 4 министерот за внатрешни работи може да изврши разрешување или распоредување на исто, пониско или повисоко место на носител на раководна позиција во министерството согласно Закон. Ова значи дека тој акт не оди на одобрување. Во став 5 наведено е дека со денот на именување на лице на раководна позиција од ставот 4, министерот е должен да именува дополнителен заменик на предлог на дополнителниот заменик министер. Овде не се вели дека актот требал да оди на одобрување, треба министерот и дополнителниот заменик министер да се договорат и на предлог на дополнителниот заменик министер, министерот да именува дополнителни заменици. Пред да се постави прашањето дали овој акт е поврзан со организација на избори, треба да се постави прашање дали тој акт треба да оди на одобрување. ДИК донесува одлука дали одреден акт е поврзан со избори само ако истиот оди на одобрување. Тој смета дека актот не оди на одобрување, само се наведува дека е потребно да се изврши именување на дополнителен заменик на предлог на дополнителниот заменик министер. Со оглед на тоа дека Државната изборна комисија не е надлежна да навлегува во законитоста на работењето на министерството, туку таа е надлежна да одлучува само кога се работи за прашања поврзани со изборите, а преземеното дејство од страна на министерот не било подложно на одобрување од страна на дополнителниот заменик министер, ДИК не е надлежен да одлучува.

Членот на ДИК, Бредредин Ибраими укажа на тоа дека најпрво треба да се даде оценка дали овој акт е поврзан со изборите или не. Според него нема поврзаност. Точно е дека не се почитувани одредбите од член 44 став 4 и 5 од страна на министерот и во конкретниот случај ДИК треба да укаже дека е направен пропуст. Државната изборна комисија не треба да се повлекува од ова, одлуката ќе остане во сила, но треба да се даде препорака да се именуваат дополнителни заменици на именуваните лица. ДИК не смее да бега од одговорност и да вели дека не е надлежна. Тој смета дека не смее да се стават вон сила одлуките на министерот, бидејќи тој не погрешил, меѓутоа не отишол чекор понатака да именува дополнителни заменици на раководните позиции на предлог на дополнителниот заменик министер.

Членот на ДИК, Сашо Срцев нагласи дека при разгледување на барањето на дополнителниот заменик министер за внатрешни работи треба да се земе предвид дека измените и дополнувањата во законот за Влада на РМ се однесуваат на организација на изборите. Станува збор за чувствително прашање каде треба да се имаат во предвид членот 46 став 2 и 3 од Законот за Влада на РМ, за заедничко и рамноправно остварување на надлежностите предвидени со Закон. Измените се однесуваат на тие сто дена пред распишувањето на изборите. Околу претходната расправа и споредба на ова барање со барањето од дополнителниот заменик министер за финансии, беше кажано дека се сосема различни поради фактот што планот за буџетот е донесен пред формирање на оваа преодна влада, односно во април 2015 година. Во конкретниов случај точно е дека не е запазена постапката да се назначат дополнителни заменици, целата постапка има недостатоци. Сепак, кадровските прашања не може да сметаме дека не се поврзани со организација на изборите. Тој истакна дека членот 47 од Законот за Влада на РМ е дециден: “ако актот или документот од член 46 ставови (3) и (4) од овој закон е одобрен т.е. потпишан само од едно лице се смета дека истиот не произведува правно дејство”. Оттука, наведе дека неговиот глас ќе биде поништување на одлуката на министерот, со оглед на фактот дека кадровските прашања дефинитивно се поврзани со изборите и истите се во рок од наведените сто дена.

Претседателот на ДИК, Александар Чичаковски уште еднаш појасни дека според членот 47 ако актот од член 46 ставови 3 и 4 од овој закон е одобрен т.е. потпишан само од едното лице се смета дека истиот не произведува правно дејство. Оттука, се поставува прво прашање дали овој акт требало да биде предмет на одобрување. Доколку се утврди дека тој требало да биде предмет на одобрување, потоа треба да се утврдува дали истиот е поврзан со организација на избори. Според него овој акт не е предмет на одобрување, бидејќи такви се актите кои се однесуваат на член 46 став 3 според кој дополнителниот заменик министер, заедно и рамноправно со министерот ги разгледува и ги потпишува сите акти и документи кои ги донесува министерот или лицата овластени од него, заменикот на министерот како и државниот секретар во соодветното министерство, а се однесува на правните, финансиските и кадровските прашања поврзани со организација на изборите. Но, ова прашање е детално образложено во член 44 став 4 според кој министерот за внатрешни работи може да изврши разрешување или распоредување на исто, пониско или повисоко место на носител на раководна позиција во министерството согласно Закон и овде не е назначено дека треба да биде предмет на одобрување туку е наведено во следниот став 5 според кој со денот на именување на лице на раководна позиција од ставот 4, министерот е должен да именува дополнителен заменик на предлог на дополнителниот заменик министер. Ако Државната изборна комисија одлучи дека актот требал да биде предмет на одобрување, тогаш треба да се одлучува дали кадровските прашања се поврзани со изборите. Во спротивно, ова прашање воопшто не треба да се разгледува, односно Државната изборна комисија воопшто не е надлежна да одлучува по него. Клучно е дали овој акт оди на одобрување, а според него тој не оди на одобрување. Факт е дека постои обврска за назначување на дополнителни заменици.

Членот на ДИК, Виолета Дума нагласи дека во член 44 став 4, министерот за внатрешни работи може да изврши разрешување или распоредување на исто, пониско или повисоко место на носител на раководна позиција во министерството согласно Закон. Оттука, му се дава самостојноста на министерот да одлучува. Овој предмет не се разликува од предметот за ветото ставено од дополнителниот заменик министер за финансии. Не станува збор за активности презмени во рок од сто дена пред распишување на изборите, туку за активности по распишувањето на истите. Исто така, беше нагласено дека за да некој поднесе вето за нешто треба претходно да го има добиено актот, така и дополнителниот заменик министер за внатрешни работи морал да го добие актот за да стави вето. Во образложението на министерот за внатрешни работи, беше наведено дека тој не го добил ветото. Како што за претходното барање од дополнителниот заменик министер за финансии се донесе одлука дека не постои поврзаност со организација на избори и изборни активности, така и по однос на ова барање од дополнителниот заменик министер за внатрешни работи не постои поврзаност со организација на изборите.

Членот на ДИК, Атанас Урумов истакна дека Законот за Влада на РМ тесно упатува на соработка на министерот и дополнителниот заменик министер. Треба да се земат предвид правните факти, односно дилемата е дали овој акт е поврзан со организација на изборите. Многу дејства поврзани со изборите потекнуваат пред распишувањето на истите. Одговорот за тоа дали Државната изборна комисија е надлежна да одлучува или не треба да се побара во член 44 став 1.

Членот на ДИК, Силвана Бонева уште еднаш нагласи дека ДИК има право да навлегува во одлучувањето на министерот за внатрешни работи. Да почнеме со член 44 став 4 "Министерот за внатрешни работи може да изврши разрешување или распоредување на исто, пониско или повисоко место на носител на раководна позиција во министерството согласно Закон" овде дополнителниот заменик министер не смее да го кочи министерот и треба да потпише, но за возврат пак по став 5 "Со денот на именување на лице на раководна позиција од став 4, министерот е должен да именува дополнителен заменик на предлог на дополнителен заменик на предлог на дополнителниот заменик министер". Многу експлицитно е кажано во законот за да нема взаемно кочење, потребно е да се почитува членот 46 став 3 упатува на тоа дека дополнителниот заменик министер, заедно и рамноправно со министерот ги разгледува и ги потпишува сите акти и документи кои ги донесува министерот или лицата овластени од него, заменикот на министерот како и државниот секретар во соодветното министерство, а се однесува на правните, финансиските и кадровските прашања поврзани со организација на изборите". Суштината е да се донесат акти кои ќе имаат правна сила, во интерес на договорот помеѓу политичките партии никој никого да не кочи и да се има баланс во работењето на министерството за внатрешни работи.

Членот на ДИК, Бредредин Ибраими укажа на тоа дека не треба да се мешаат член 44 и член 46. Според членот 44 не се бара одобрување на актот кој го донел министерот,но е прекршена постапка и од дополнителниот заменик министер кој не дал предлог за дополнителни заменици на лицата назначени на раководни позиции и од страна на министерот кој не ги именувал. Додека членот 46 се однесува за сите министерства, и не постои никаква поврзаност со членот 44. Според него, оваа одредба се однесува на денот по распишувањето на изборите. На пример, на овој начин се избегнува манипулација при изборите во делот на давање на социјална помош, субвенции и слично. Затоа е ставен член 46 и тој се однесува на сите министерства. За разлика од ова, членот 44 се однесува на министерството за внатрешни работи. Одлуката на министерот за внатрешни работи не е поврзана со изборите, грешка е направена што од дополнителниот заменик министер не е даден предлог да се именуваат дополнителни заменици.

Членот на ДИК, Субхи Јакупи, истакна дека е тешко да се донесат одлуки во време на политичка криза во државата, и постојат многу недоречености во законот. Тој кажа дека во барањето треба да се разграничат неколку делови по кои треба да се одлучува, доколку барањето е поврзано со организација на изборите и изборните активности, за што смета дека постои поврзаност, понатака

треба да се разгледаат и прашањата околу новото вработување и хоризонталното прераспределување кои преставуваат предмет на несогласување помеѓу министерот и дополнителниот министер за внатрешни работи. Според член 44 став 4, министерот за внатрешни работи може да изврши разрешување или распоредување на исто, пониско или повисоко место на носител на раководна позиција во министерството согласно Закон, министерот има право да именува но целата постапката не е во целост завршена бидејќи понатаму министерот не именувал заменици на предлог на дополнителниот заменик министер, и понатаму со член 46 став 2 и 3 не постои заедничко и рамноправно учество на дополнителниот заменик министер во остварување на надлежностите. Тој укажа на тоа дека од образложенијата на министерот и дополнителниот заменик министер за внатрешни работи можело да се забележи дека и двајцата ги немале разменето актите кои ги донеле. Со оглед на тоа, ДИК треба најпрво да одлучи дали барањето поднесено од дополнителниот заменик министер за внатрешни работи е поврзано со организација на изборите. Бидејќи оваа влада е формирана за организирање на изборите, тој смета дека и овој акт е поврзан со организација на изборите.

Членот на ДИК, Игор Милев уште еднаш нагласи дека треба да се земе предвид мислењето од Државната комисија за спречување на корупцијата.

Претседателот на ДИК, Александар Чичаковски укажа на тоа дека не гледа несогласување меѓу министерот и дополнителниот заменик министер во однос на распоредувањето, односно заменик министерот воопшто не дал предлог за именување на дополнителни заменици. Оттука, ДИК не може да ја стави одлуката на министерот вон сила. ДИК воопшто не треба да навлегува во решавање на втората и третата точка, туку само во однос на првата точка. Актот кој е донесен не е предмет на одобрување, тој влегува во сила со денот на донесување. Ова прашање не е созреано за одлучување, бидејќи не е дојдено до тој степен, односно не постои таков вид на неусогласеност меѓу министерот и дополнителниот заменик министер. Ако ДИК одлучува дали ова прашање е поврзано со изборите или не, тогаш одлуката треба да се стави вон сила, а таа не може да се стави вон сила бидејќи истата не подлежи на одобрување.

Членот на ДИК, Силвана Бонева повторно нагласи дека клучно е да се одлучи дали актите донесени од министерот се поврзани со изборите или не. Сосема друго прашање е одлуката за претходното вето, каде уште пред да се одлучи дека ќе има избори, планирано било да се побара заемот. Таа повторно го кажа своето мислење дека конкретното прашање е поврзано со изборите бидејќи самиот министер е назначен заради спроведување на изборите. Согласно членот 44 став 7, сите акти треба да бидат потпишани и од двете страни, во спротивно тие не произведуваат правни дејства. Двајцата се упатени да потпишуваат акти и не смеат да се прескокнат. Министерот не го известил ниту побарал предлог за именување на дополнителен заменик од страна на дополнителниот заменик министер, што значи дека има недостатоци во целата постапка. Оттука, ваквиот акт нема правна сила бидејќи нема потпис од дополнителниот заменик министер. Затоа, ДИК треба да одлучи дали ова постапување е поврзано со изборите. Заради градење на доверба во министерството, мора актите да бидат заедно донесени, односно со потпис и на дополнителниот заменик министер.

Потпретседателот на ДИК, Реџеп Прекопуца истакна дека ДИК треба да донесе две одлуки и тоа една за новото вработување и друга за распределувањата. Тој наведе дека е во двоумење дали Државната изборна комисија е надлежна да се изјасни дали овие решенија за распределувања на лица се поврзани со изборите, бидејќи согласно член 44 став 4, министерот за внатрешни работи може да изврши разрешување или распоредување на исто, пониско или повисоко место на носител на раководна позиција во министерството согласно Закон, но според член 44 став 5, дополнителниот заменик министер за внатрешни работи не го искористил своето право да предложи дополнителни заменици на лицата кои се именувани на раководни позиции од страна на министерот. Оттука, ДИК не треба да одлучува по овие прашања бидејќи не постојат несогласувања помеѓу министерот и

дополнителниот заменик министер. Додека, за новото вработување ДИК е надлежна да одлучува и затоа смета дека треба да се донесат две одлуки.

Во врска со Барањето, бр. 13-7444/1 од 06.02.2016 година, за донесување одлука согласно член 48 став 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за Влада на Република Македонија, доставено од дополнителниот заменик министер за внатрешни работи Митко Чавков, комисијата се произнесе на следниот начин:

**4 Членови на Државната изборна комисија се произнесоа " ЗА "**
**5 Членови на Државната изборна комисија се произнесоа " ПРОТИВ "**

**"ЗА" гласаа -** Членовите на ДИК Атанас Урумов, Сашо Срцев, Силвана Бонева и Субхи Јакупи.
**"ПРОТИВ" гласаа -** Претседателот на ДИК, Александар Чичаковски, потпретседателот на ДИК, Рецеп Прекопуца и членовите на ДИК Виолета Дума, Игор Милев и Бедредин Ибраими.

**Со тоа што се констатираше дека донесената одлука на министерот за внатрешни работи не се однесува на организација на изборите,**

**Точка 2-Разно**

Со оглед на тоа дека никој не се јави за збор по точката 2, Претседателот на ДИК, Александар Чичаковски ја заклучи седницата

**12-та седница на ДИК заврши во 13:00 часот**

Бр. 08-348/2
11.02.2016год.

ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА
ПРЕТСЕДАТЕЛ,
Александар Чичаковски

*НАПОМЕНА:*
*Составен дел на овој записник е аудио снимка од седницата*